**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МЕКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првата седница на Националниот совет за евроинтеграции**
**одржана на 07 јуни 2021 година**

**Скопје, јуни 2021 година**

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции се одржа во Собрание, во сала Борис Трајковски, со почетокот во 12:09 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Александар Николоски, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

**Александар Николоски:** Добар ден на сите, да се заблагодарам за присуството.

Дозволете да ја отворам Првата седница на Националниот совет за евроинтеграции во овој Собраниски состав. Би сакал да честитам на сите членови, заменици членови и претставници во Советот, на изборот и да посакам успешна работа во овој мандат.

Во седмиот состав на Националниот совет на евроинтеграции, неговото официјално започнување со работа во овој пратенички состав, за жал би сакал да верувам од одредени технички причини во изминатиот период Националниот совет не можеше да функционира, но еве со оваа прва седница се надевам дека во следниов период ќе можеме да дејствуваме.

Би сакал да нагласам дека Советот е репрезентативно тело на политичките и општествени чинители на државата за градење на консензус односно членството во Европската Унија. За значајно тело како Националниот совет неопходна е тесна соработка на сите негови членови, не само на претставниците на власта и опозицијата во Собранието, туку и на сите други активно вклучени членови во ова тело. Во оваа насока очекувам создавање на една клима за конструктивна работа која што ќе допринесе за напредок во процесот на европска интеграција и во однос на нашиот дел да можеме да дадеме соодветен придонес.

Согласно Одлуката за основање, Националниот совет е надлежен да дава мислења и насоки за подготовките за отпочнување преговори за членство за преговарачките позиции во државата, разгледува информации за текот на процесот на преговарање, да дава мислења за прашања кои се отвораат во текот на преговорите, да ги разгледува и оценува активностите на преговарачките тимови како и да одржува консултации со надлежните институции и тела во државата. Искрено се надевам дека во овој собраниски состав конечно ќе го добиеме долго очекуваниот датум за отпочнување на преговорите со Европската Унија и со тоа Советот ќе може да ја оствари својата улога согласно Одлуката за основање и неговите надлежности, кои што надлежности се навистина значајни во моментите кога Македонија ќе почне преговори за членство со Европската Унија.

Во однос на составот на Советот од членовите, очекуваме во најскоро време да биде избран и претставникот на претседателот на Владата. Тоа е единственото место што не е пополнето, со цел Советот да биде комплетен. Имаше предлог кој што во меѓувреме поднесе оставка па сега има нов предлог, и се надевам дека во рамки на Комисијата за избори и именување и на Собранието оваа постапка ќе биде завршена со цел Советот да се комплетира.

Би сакал да ве известам дека со моето именување за претседател на Советот упатив допис и до организациите кои во претходните состави на Националниот совет учествуваа  во работата на Советот, со цел да делегираат свои претставници. До денес официјално се пристигнати номинациите од Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Стопанската комора на Северозападна Македонија, Сојузот на синдикатите, Конфедерацијата на слободни синдикати, Македонската православна црква, Исламската верска заедница и Католичката црква. За прв пат и по наша иницијатива покануваме и очекуваме да имаме плодна соработка и со останатите чинители во рамки на општеството кој што сметаме дека можат да допринесат.

Исто така би сакал да известам дека во изминатиот период како претседател на Националниот совет за евроинтеграции остварив средби со Шефот на делегацијата на Европската Унија во Македонија, како и со сите амбасадори на земји-членки кои што имаат акредитирано свои амбасадори во Македонија, а имав можност да се сретнам и со амбасадорката на Португалија која што претседава со Европската Унија во моментов. Португалија ја покрива Македонија од Белград така што имавме навистина една пријатна средба во Белград каде што поразговаравме за актуелните состојби. Исто така остварив средба со Андреас Шидер копретседател на Мешовитиот парламентарен комитет во Европскиот парламент со цел да ги афирмирам позициите на Националниот совет на Собранието на Република Македонија.

Пред официјално да започнеме со работа сакам да укажам дека Советот има свој Деловник за работа усвоен во октомври 2011 година. До донесување на нов Деловник на Собранието, констатирам дека ќе работиме согласно постојниот Деловник од 2011 година.

На седницата се поканети членовите на Советот и тројца претставници од Стопанските комори, во насока на ефикасна и продуктивна седница на Советот но и заради здравствените протоколи. Би сакал да ви се заблагодарам на сите што се одзвавте на поканата и се надевам дека денес ќе имаме една плодна дискусија.

Констатирам дека на седницата се присутни доволен број членови на Советот со право на одлучување, со што Советот може полноважно да одлучува.

Поканата за денешната седница беше и претходно доставена и по електронска пошта. За денешната седница предлагам дневен ред со три точки.

**Точка еден - План на активности на Националниот совет за евро интеграции за периодот јуни 2021 - јуни 2022 година.**

**Точка два - Перспективите за Европската интеграција на државата во пресрет на јунскиот самит на Европскиот совет, и**

**Точка 3 - Разно.**

Дали има предлог за измени и дополнување на дневниот ред.
Ако нема предлагам да го усвоиме предложениот дневен ред.
Молам кој е за?
Дали има против?
Воздржани?
**Констатирам дека дневниот ред е едногласно усвоен.**

**Отворам расправа по првата точка од дневниот ред** - **План на активности на Националниот совет за евро интеграции за периодот јуни 2021 - јуни 2022 година**. Планот на активности е доставен. Би сакал ако ми дозволите само и да го прочитам и заради јавноста.

Во следниот период планираме седници на кои што би се разговарало за следните теми: Усвојување на Деловникот за работа на Националниот совет; Дебата за положбата и функцијата на Собранието во евроинтеграциskiот процес, седница посветена на стратешките приоритети за планирање на активности на Владата во процес на интеграцијата во Европската Унија на која што би го поканиле и претседателот на Владата, главниот политички преговарач и главниот технички преговарач за преговорите за пристапување во Европската Унија; Приоритети на претседателството на Словенија со Советот на Европската Унија во период јули - декември 2021 година со покана на претставник на земјата претседавач, во случајот амбасадорот и секако доколку е возможно и останати претставници како и континуирано поканување на триото значи

актуелниот претседавач, претходниот и следниот претседавач; Разгледување на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија, ревизија 2021 година, фискални и квартални извештаи за реализација на НПАА изготвени од Секретаријатот за европски прашања; Информација за спроведување на процесот на објаснувачки скрининг на ЕУ-законодавството и планирање на билатералниот скрининг;-Планирана динамика на транспортирање на правото на Европската Унија во Националното законодавство и превод на европските акти во пресрет на започнување на пристапни преговори со Европската Унија; Дебата за Резолуцијата на Европскиот парламент за годишниот извештај на Европската Комисија за напредокот на државата; Дебата за преговарачката структура за водење на приговори за пристапување во Европската Унија; Информација за преговарачката рамка за процесот на пристапување на Европската Унија и дебата односно нејзината содржина и потенцијалот за забрзана интеграција во Европската Унија; Разгледување на преговарачките позиции утврдени од Владата за кластерите и поглавјата за кој ќе се преговара согласно утврдениот кластер на преговори вклучително одредниците за отворање на кластерите, временските одредници за владеење на правото и одредниците за отворање на одделни поглавја; Разгледување на Годишниот извештај на Европската Комисија за 2021 година и Стратегијата на Европската Комисија за проширување на Европската Унија за 2021 година; Подготвеноста на државата за членство во Европската Унија од аспект на исполнување на европските критериуми како дел од Кластерот Темели со фокус на економската и монетарна политика на Европската Унија каде што очекуваме да биде поканета и присуствува и гувернерката на Народната банка како и министерот за финансии. Дебата за регулативата ИПА-3 и потенцијалот кој истата ја нуди за период 2021-2027 година вклучително и економскиот и инвестициски план за западен Балкан на Европската Комисија.

Покрај ова предлагаме и шест јавни расправи. Прва би била потребата за градење на консезус за прашања од државен интерес во пристапните преговори, соседните земји членки, членките на Европската Унија во однос на билатералните договори со Грција и Бугарија, придобивките и можностите за вето на патот кон членство во Европската Унија. Втората јавна расправа е дебата за политиката на проширување на Европската Унија во контекст на новата методологија и динамиката за интеграции од земјите од западен Балкан. Третата би била за имплементација на Стратегијата на правосудството 2018-2022. Четвртата јавна расправа за Националната стратегија за борба против корупција и судир на интереси 2021-2025 година со Акциски план за нејзино спроведување која што беше и веќе усвоена од Собранието. Петтата јавна расправа национални, економски и здравствени политики како одговор на кризата од пандемија на Ковид - 19 и подготвеноста во случај на евентуални нови здравствени кризи и Шестата, Национални приоритети и програми на Европската Унија за градење на климатска неутрална, зелена и фер и социјална Европската Унија. Тоа би биле овие точки кој што ги предлагаме ние.

Отворам дебата, ве молам дали некој бара збор по однос на Планот на активности на Националниот совет во периодот јуни 2021 - јуни 2022 година. Нема. Доколку нема. Планот на активности го ставам на гласање.

Молам кој е за?
Дали има против?
Воздржани. Нема.

**Констатирам дека Планот е едногласно усвоен**.

**Отворам расправа по втората точка од дневниот ред - Перспективите за Европската интеграција на државата во пресрет на јунскиот самит на Европскиот совет.**

Сакам да се заблагодарам за присуството на Заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања господин Никола Димитров и би сакал да го поканам да се обрати пред членовите на Националниот совет. Повелете.

**Никола Димитров:** Почитуван претседателе Николовски. Пред се да се заблагодарам за можноста да се обратам на оваа прва и конститутивна седница и дозволете да ја искористам приликата да упатам честитки до сите членови на Националниот совет за евроинтеграции и да посакам успешна и продуктивна работа на ова исклучително важно тело, за една важна кауза европската што и европеизацијата што мислам дека сите не обединува. Собранието како законодавен дом преку своите тела овој Национален совет но и Комисијата за европски прашања и Комисијата за надворешна политика е директен учесник и многу важен чинител во овој процес низ кој поминуваме, а тоа е подготовка на државата и општеството за полноправно членство во Европската Унија. За поздравување е фактот дека последните дваесетина години Собранието донесе огромен број на закони со кој што се транспонираше ЕУ-законодавството во Националниот правен систем. Имаме во Секретаријатот за европски прашања експертска дебата околу процентот на оваа усогласеност досега. Врз основа на последната ГАП анализа работена на документите што беа предмет на објаснувачкиот скрининг, некаде бројката е меѓу 40 и 45% се наметнува, што значи дека сме во одлична кондиција на усогласеност и сме сосема споредливи со земјите кој веќе во пристапниот процес многу, многу години. Поради оваа работа на овој и на минатите состави на Собранието во последниве две децении земјата е многу поразлична, но се разбира дека голем дел од обврските се пред нас и интензитетот ќе биде огромен од моментот кога ќе ги започнеме пристапните преговори, но ќе имаме работа и до тогаш.

Сега да се осврнам накратко и на оваа точка 2 како што е дефинирана. Перспективите за европската евроинтеграција на државата во пресрет на јунскиот Самит на Европскиот совет споделувајќи определени информации за тоа до каде сме и што не очекува или што може да не очекува сите заедно во наредниве 12 месеци. Нема да одам многу station наназад. Може ќе се наметне потреба од тоа во дебатата што ќе следи. Еве. Ќе се навратам март минатата година кога добивме безусловна одлука за почеток на претпристапните преговори на Советот на Европската унија. Консензуална одлука на сите 27 земји членки што подоцна се потврди и од Европскиот совет. Одлука која ја чекавме 16 години и за која работевме сите заедно секој во своето време во дадените околности и предизвици. Сите предуслови ги исполнивме и според многу и земји членки и претставници на институциите на Европската унија во Брисел сме веројатно најдобро подготвена земја од било кога. Земја која треба допрва да ги започне претпристапните преговори. Но, точката на која што застанавме е усвојување на текстот на преговарачката рамка од страна на земјите членки, односно условите под кој треба да бидеме примени во Европската унија како членка. Каде имаме ситуација кога имаме огромно мнозинство на земјите членки имаат различен став, посебно од една по однос на таканаречената билатеризација на пристапниот процес. И тоа не само во однос на македонскиот случај, туку и како модел или евентуален преседан за сите оние кој што ќе следат по нас. Да нема дилеми дека како директно засегнати нашите позиции кој што се темелат на кристално јасни принципи и во однос на меѓународното право и во однос на Лисабонскиот договор и други важни столбови во смисла на правните акти на Европската унија како што се актите во областа на човековите права посебно. Нашите црвени линии се предочени и се добро познати на сите земји членки на Унијата и на институциите во Европската унија. Бараме решение кое е квалитетно и кое ќе биде одржливо, кое не смее да навлегува во нашите идентитетски обележја и кое ќе биде еден вид инвестиција за градење односи за

пријателство врз основа на взаемна почит. Не би сакал да шпекулирам со оптимизам или со песимизам, со шансите за овие напори и Софија да влезе и да имаме 27 членки кој што ќе ја усвојат преговарачката рамка. Искуството од изминативе години практично од самата Спогодба за стабилизација и асоцијација, но еве да се вратам на јуни 2018 година, сме имале не во ова тело на пленум во Собранието неколку пати дебати на таа тема. Советот тогаш рече дека го црта патот за почеток на преговори во јуни 2019 година. Ние тука имавме една препирка и една да речеме една демократска дебата околу виновниците и така натаму, но факт е дека тоа беа зборови на Европската унија. Во јуни 2019 година Европската унија кажа дека ќе донесе одлука во октомври таа година. Во октомври таа година Европската унија не донесе одлука и конечно, како што спомнав, тоа се случи во март 2020 година. Имајќи го во предвид ова искуство мислам дека ќе биде одговорно и мудро од сите нас заедно да внимаваме во смисла на подигнувањето на очекувањата. Јас повеќе би сакал да сме позитивно изненадени отколку повторно разочарани. Факт е дека свеста за влогот е јасно раширена. Не се работи овде само за наш успех, туку се работи за голем, голем важен сигнал за целиот регион дали европската иднина на регионот е опиплива и реална. Важно за сите главни градови и за владите, но уште повеќе и за граѓаните на земјите на Западниот Балкан. Со самото тоа влогот е многу голем и за Европската унија во смисла на тоа дали може да им се верува. Тоа што обично го нарекуваме кредибилитетот на Европската унија, а со кредибилитетот доаѓа и влијанието. Во овој важен регион во кој што географски очигледно и припаѓа на Европската унија бидејќи е опкружен со земји членки. Три четвртини од целата економска активност на регионот е врзан со Европската унија. Безбедносните интереси се целосно врзани, како што тоа јасно го демонстрираше мигрантската криза во 2015 и 2016 година. И не само интересот од стабилен Балкан, туку и Балканот од една страна и остатокот од Европа од друга страна заедно да работат, да се соочат со безбедносните предизвици. Значи влогот е навистина голем. Мислам дека е многу голем влогот и за македонско-бугарското пријателство и мислам дека ова статус кво ако остане ќе ги труе односите и ќе биде еден вид инвестиција не во пријателство туку во антагонизам.

Тука можеби ќе застанам во однос на очекувањата. Датумите мислам дека се јавни и дека сите ги знаеме. Има Совет за општи работи за 22 јуни. Тоа е многу блиску, само неколку денови не делат од тој момент. Знаеме дека има една специфична политичка ситуација кај нашите соседи во смисла на техничка влада и престојни повторно парламентарни избори и претседателски избори на есен, што секако треба да ги земеме во предвид како елемент и како факти во нашите постапувања и анализата на ситуацијата. Бидејќи сум уверен дека ќе биде погрешно ако ЕУ се сведе само на овој тип на предизвици и проблеми многу е важно времето да го искористиме не во чекање, туку во работа бидејќи меѓу другото пристапниот процес е алатка за реформи. Таа не носи волшебни промени преку ноќ, меѓутоа со политичка волја, особено ако преку ова тело се обединат напорите од една страна власта, а од друга страна опозицијата, меѓутоа и од една страна политичките фактори од друга страна, факторите од приватниот сектор, академијата, целото општество можеме многу да направиме.

Како што знаете имаме една агенда реформска која што ја изготвивме врз основа на блиски консултации со делегацијата тука, со Европската комисија во Брисел, со заинтересирани земји членки, Европа дома чија што имплементација ќе придонесе и следниот извештај да биде така добар како што беше минатиот извештај на Европската комисија. Тука овој Совет и Собранието имаат посебно важна улога, меѓу другото да информирам дека некаде 19-тина предлог закони се во постапка кој што се не само во оваа реформска агенда, туку се дел од законските мерки кој што го транспонираат европското законодавство во домашното од повеќе области.

Дозволете да ве информирам како одговорен за европски прашања и главен преговарач, во тек се активности околу ревизија на владиниот преговарачки институционален механизам заради усогласувањето со новите барања и духот на новата методологија за зајакнати пристапни преговори. Ќе водиме посебно сметка и за улогата на Собранието усогласена со вас се разбира и мислам дека е добро што во една од планираните јавни расправи ќе имаме расправа токму на оваа тема. Деновиве Владата ќе ја разгледа и ќе ја потврди новата Национална програма за усвојување на правото на ЕУ, НПАА 2021/2025. Значи со среднорочна перспектива исто така прилагодена на структурата на новата методологија, а и во функција на подготовка на институциите на билатерални скрининзи. Според сигналите од Брисел при крај е процедурата за дејствување на регулативата на ИПА 3. Имаше извесен застој неколку месеци, меѓутоа дијалогот е завршен и концептот сега ќе оди на усвојување во Советот. Тоа беше и услов за почеток за реализација на економскиот инвестициски план и зелената агенда на Европската комисија за Западниот Балкан што се заедно ќе даде силен импулс и на нашите реформи, но и на нашата економија.

Во овој општ напор мислам дека треба посебно внимание да обрнеме и на младите. Да изнајдеме начин да ги вклучиме во процесот уште во рана фаза, од студентските денови бидејќи процесот во ЕУ бара кадар кој ќе се подготви утре не само да учествува во преговорите, туку да биде и активен чинител во градењето на политиките на Унијата кој ќе бидат и наши политики. Ме радува дека планот на активности на Националниот совет за кој исто така  благодарам на претседателот. Имавме можност и да го коментираме и да го дополниме, и на членовите на Секретаријатот на Националниот совет. Ги зема во предвид сите наведени активности и нуди одлична платформа за динаминизирана работата на овој Совет, вклучително и низ низа јавни расправи каде се разбира ќе бидеме дел и ќе земеме учество со задоволство.

Сметам дека вие најдобро си ја знаете својата работа, но дозволете да споделам со вас како јас лично гледам на работата на овој Совет, на функцијата на Националниот совет. Да се потсетиме дека основниот мотив за формирање на ова тело е обединувачки, да го обединува Собранието, позицијата и опозицијата околу нашата стратешка цел, членството во Европската унија. Цел што ужива големо, големо мнозинство граѓани во смисла на сите анкети од многу години до денеска. Оваа иницијатива исто така има функција да генерира синергија од сите чинители кој треба да бидат дел од процесот, да бара решение низ отворен дијалог, да емитува една позитивна клима бидејќи тешките одлуки тешко се донесуваат без здрава енергија, а пред нас има многу такви одлуки. Со првата меѓувладина конференција нема да ги завршиме туку само ќе ги започнеме пристапните преговори. Ние нема да можеме се да решиме во овој Совет. Ќе имаме предизвици. Се разбира дека ќе има и разлики, процесот е многу комплексен. Веројатно нема да можеме да се сложиме во се, но ако има агенда, кауза, мисија што може да ги обедини позицијата и опозицијата тоа е сигурно европската агенда. Ова е лесно да се каже, веројатно е потешко да се спроведе, меѓутоа мислам дека сите ќе си помогнеме ако се обидуваме на овој начин да работиме. Јас ќе бидам многу отворен. Нема да ги дотерувам, во наводници, резултатите, било моите, било на институцијата каде што имам должност да работам, било на Владата и на тој начин ќе се обидам да дадам свој придонес во една ваква атмосфера. Мислам дека нашиот модел е инспириран од моделот на Хрватска. Сите знаеме, сите имаме многу пријатели со различни политички чинители од оваа земја која што втора од нашиот регион успеа да влезе во Европската унија. И мислам дека можеме да учиме од нив не само во тоа како сме го структурирале Националниот совет, туку и тоа во каква атмосфера работеле. На некој начин позицијата и опозицијата претставени во Советот заедно ги туркале проектите важни за хрватската европска агенда, ви-за-ви остатокот од Пленумот каде што имало малку

потрадиционална политичка битка меѓу позицијата и опозицијата. Јас ова го слушнав не само од идниот преговарач, туку и од идната опција десно-центрар, идната опција лево-центар. Сите заедно имаат еден јасен став дека успеале користејќи ја оваа структура Национален совет за евроевроинтеграции во Парламентот што секогаш го водела опозицијата да туркаат работи многу побрзо од што тоа би одело да нема таква атмосфера на соработка. Мислам дека на овој начин ќе направиме услуга и на граѓаните и на самите себеси ако веќе сме одлучиле да се занимаваме со политика бидејќи тогаш кога на заеднички очигледен заеднички интерес, имаме политичка тепачка, паѓаме сите и на некој начин расте алергијата меѓу македонските граѓани во однос на политиката како област.

Тука мислам дека ќе завршам. Нека биде успешно формирањето на Националниот совет. Посакувам успешна и продуктивна работа и се надевам дека тоа ќе биде во услови на отпочнати пристапни преговори.

Ви благодарам.

**Александар Николоски:**

Ви благодарам и јас.

Би сакал да ја отворам дебатата по однос на оваа точка. Би сакал да замолам кој бара збор. Може со пријавување од место или може со пријава кај Секретаријатот.

Повелете кој би сакал да се обрати?

Пратеникот Љупчо Пренџов, член на Националниот совет, повелете.

**Љупчо Пренџов:** Благодарам почитуван претседател. Најпрвин би сакал да посакам успешна работа на Националниот совет.

Почитувани пратеници, почитувани гости и членови, делегирани членови, почитуван вицепремиер за европски интеграции и почитувана јавност. Зедов збор инспириран од господинот Димитров, а истовремено и со голема доза на енергија како пратеник од прв мандат во Собранието сметам дека со овој Совет можеме да направиме големи работи во интерес на државата, во интерес на граѓаните доколку процесот на европските евроинтеграции никој не го монополизира гледано политички, и да бидам подиректен гледано дневно политички. Најпрво сакам да кажам дека овој состав собраниски во него постојат комисии во кој што членовите иако од спротивни идеолошки и политички табори сепак доколку има политичка волја и желба на крај постигнуваат резултати објективни во интерес на граѓаните, во интерес на државата поддржани од меѓународните партнери. Така го гледам и овој совет. Морам да кажам дека не ми се допаѓа умерениот песимизам, претпоставувам дека е искуствен, особено последниве 3-4 години, но тука се овие членови од овој совет кој што претпоставувам дека ќе дадат еден широк оптимизам на оние кои што ги тераат практично процесите за европските интеграции. Кредибилитетот на Европската унија никогаш не бил спорен во државата, но особено ме загрижуваат неколку изјави последниве месеци од страна на премиерот, а индиректно сега и од страна на вицепремиерот задолжен за европски интеграции и би сакал немањето на игра на дневно политички план бараме алиби онаму каде што не треба да го бараме, едноставно како што кажав и на почетокот овој процес не треба да се монополизира, му треба со добра волја и позитивна енергија да се тера напред.

Се додека овој совет треба да се позанимава и со главните причини за тоа зошто ние како граѓани, а потоа како политичари тапкаме во место и кои се главните причини за нашите негативни оценки, за нашите укорувања од страна на Унијата, се разбира тоа е пред се криминалот и корупцијата во државата кои што не треба да не ги спомнуваме, туку едноставно треба јасно да зборуваме и во рамките на овој совет во кој што учествуваат многу чинители да даваме како заклучоци кои што понатаму ќе се

комуницираат и со јавноста. Она што е куриозитет во врска со денешниот Совет утрово мојот син полагаше по општество, тоа е во петто одделение и кога се зборува таму има еден дел горе лево, бидејќи го преслушував синоќа, при зборот интеграција втората реченица е на држави без криминал и мислам дека тука треба да се вратиме можеби во прво одделение за да видиме кои ни се главните проблеми при нашите европски интеграции и сметам дека помалку се важни моментално односите со Бугарија бидејќи едноставно не можеме да направиме нешто повеќе, но можеме многу повеќе да направиме во нашите внатрешни односи, а тука пред се мислам на економијата 5%, а ниедниот посто судство, обвинителство. Еве денеска во Собранието имаме и избор на нови уставни членови кои навистина претпоставувам ќе бидат и тоа како болдирани во следниот извештај на Европската комисија и за тоа не можеме да обвинуваме никого, туку едноставно мораме да се погледнеме во очи и објективно да си го кажеме слабостите кои што ги имаме во Република Македонија. Добро е што она кој што го правел овој состав, тука ги ставил и коморите, стопанските комори се многу важен сегмент економијата е еден од столбовите со кој што ние треба и мора да се фалиме надвор од Република Македонија. Добро е што се тука и верските заедници, можеби треба да ги викнеме и некои од судството и обвинителството да имаме една комплетна целина, да разговараме отворено, да се погледнеме во очи и да видиме каде ни се слабостите. Очекувам дека овој совет во иднина ќе мора да завзема ставови, објективни ставови, не да се оптоварува од личниот рејтинг на оној кој што ги преставува, а уште помалку на политичките структури.

Треба да видиме што правиме со реформските агенди, она што почитуваниот Димитров го зборуваше дека нови реформски закони ќе имало, имало нови 19 закони во Собранието, сметам дека тоа не се реформска агенда. Нас ни требаат конкретни реформи, можеби во некои сегменти за некои целни групи болни, но само така можеме да се приближиме вистински кон патот на Европската унија. Очекував вицепремиерот да спомне колкав е процентот да не запознае како нови членови во овој совет, да не запознае со планот до каде е и колку посто е реализиран 3-6-9. Тоа долго време се зборува во јавноста. Исто како што долго време се зборува во јавноста планот 3-6-9 и 18 сметам дека е добро да не запознаете детално, писмено колку проценти до сега сме реализирале како држава од задачите кои што сами си ги определивте, бидејќи Владата е таа која што ги направи тие планови што се ќе реализира и добро е да знаеме со кој процент е тоа реализирано, што не е реализирано и зошто тоа е нереализирано. Очекував да слушнеме почитуван Димитров покрај овие планови кои што ги подзаборавивме во јавноста правиме ревизии на се и сешто во државата, очекував да направиме ревизија и во трошењето на средствата од буџетските корисници, односно од буџетските корисници на државите членки на Европската унија, на европските пари, очекувам тоа во иднина да го разговараме бидејќи сметам дека само со, повторно ќе повторам добра волја, позитивна мисла и искрен дијалог помеѓу сите чинители во овој совет можеме да имаме објективни и кредибилни заклучоци кои што навистина ќе значат нешто во јавноста и кои што нема да не претворат во дневно политички совет како и многу во минатото.

Нешто загатнавте, добро е да видиме на кој начин државата се спрема за во Европската унија, дали, бидејќи нели добивавме неколку пати датум или бевме за малку ќе ги добиевме. Не го зборам ова за да нападнам, туку едноставно дали ние кадровски сме припремени за почеток на преговорите, дали до сега имаме регрутирано преведувачи, толкувачи, дали имаме посебни и од какви кадри составени посебни одделенија и сектори во рамки на засегнатите институции бидејќи едноставно во јавноста тоа никој не го зборува, а и тоа како е важно.

Она кое што сакам да го потенцирам и да констатирам дека за жал не гледам дека давате една ширина во рамки и на преговарачките и во рамки на сите преговори кои што ги имаме со Европската унија. Мислам дека се закопувате во партиски ровови и мислам дека добар е примерот кој што го кажавте со други држави од регионот каде што Европската унија и процесот за интеграција во Европската унија не е, не може и не смее да биде во сопственост на ниту една политичка гарнитура или коалиција бидејќи тоа и исклучиво народна политика и само така до колку го тераме како народна политика или национална политика тогаш ќе бидеме препознаени како луѓе кои што искрено сакаат да се доближат до Европската унија и се надевам дека во иднина овој совет ќе ви помогне да не биде цело време ќе направиме ова, ќе направиме ова ново, туку овој совет едноставно она кое што ќе го ветиме како држава ќе се трудиме да видиме до каде и колку е реализирано се разбира со добр волја.

На крајот сакам да прашам, знаеме дека Португалското претседателство веќе е при крајот, дали државата има стратегија започнато на лобирање во Словенија, Словенија е новата држава која ќе претседава во рамки на Европската унија. Тоа е многу важно за нас, многу важно за нашиот народ, многу важно за нашето стопанство и економија и на крајот важно за меѓународниот имиџ. Дали имаме ме интересира офанзива некоја кон Љубљана, дали се лобира за позициите на Македонија, на кој начин го правиме тоа, дали имаме зголемен број на дипломатски преставници таму, дали се разговара со луѓето кои што ги тераат тие процеси. Мислам дека тие работи се многу важни и за нас како пратеници кои што го преставуваат овој народ и од власт и од опозиција да знаеме што се случува и истовремено да ви дадеме подршка за се она за кое што ќе значи просперитет на државата, но истовремено да видиме до каде она што сами си го превземаме го реализираме, се разбира по пат на емпириски докажани документи и акти, а не врз основа на раката и едноставно воведење по европски метрополи ќе направиме плус ова, ќе донесеме плус ова, да видиме што можеме конкретно да направиме и да видиме како може овој совет во Собранието да направи еден поголем чекор, ама реален, а не квантен кон Европската унија. Благодарам.

**Александар Николоски:** Благодарам.

Би сакал да ја поканам пратеничката Соња Мираковска, потпретседател на Национален совет за евроинтеграции да се обрати. После тоа Даниела Арсовска претседател на Сојузот на стопански комори на Македонија, а после тоа професор Гордана Сиљановска Давкова, член на Национален совет за евроинтеграции.

**Соња Мираковска:** Почитувани членови на Национален совет за евроинтеграции, почитувани присутни, на почетокот дозволете да изразам особено задоволство од одржувањето на првата седница на Национален совет за евроинтеграции во овој мандат и да посакам успешна и плодна работа.

Темата која ја определивме за дискусија за денешнава седница несомнено го отсликува значењето на моментумот за нашиот евроинтегративен процес. Гледано station наназад на тој пат доживеавме низа успеси, ветувања, предупредувања, застои и одложувања и секој од нив имаше значајно влијание во добра и во лоша смисла за нашето општество. Но фактот што членството во Европската унија е нашата втора стратешка цел по членството во НАТО избирајќи од мнозинската определба на нашите граѓани, за нас како народни избраници преставува еден вид на ѕвезда водилка која ни помагаше да се соочиме и да се справуваме со предизвиците од минатото, а и денес. Како држава и како Собрание направивме многу во изминативе години на тој пат, надминувајќи ги отворените билатерални прашања, исполнувајќи ги задачите од реформската програма во делот на реформа за правосудниот систем, јавната

администрација, разузнавачките служби и борбата против корупцијата на која во Собранието активно соработувавме со колегите од опозицијата демонстрирајќи ја нашата решеност да направиме исчекор во процесот иако споделуваме различни ставови во однос на оваа европска агенда. Целиот тој заеднички придонес придонесе за давање зелено светло од страна на Европскиот совет за подготвеност на нашата земја да ги почне преговорите за членство во Европската унија што требаше да биде последно со организирање на првата меѓувладина конференција со која формално ќе се означеше почетокот на преговорите.
За жал односите со Република Бугарија добија поинаков тек во последнава година оневозможувајќи го одржувањето на оваа конференција со барање за дополнителни гаранции над договорената рамка во однос на нашата посветеност за почитување на обврските кои произлегуваат од билатералниот договор од 2017 година. Подготвеноста од наша страна е во повеќе наврати јасно изразена со дијалог и разговор на еднакви основи и до колку на тој европски пат патуваме како пријатели, треба меѓусебно да се почитуваме, подржуваме и помагаме, а деталите за спроведувањето на договорените обврски од двете страни не треба да претставуваат пречка на нашиот интегративен пат.

Убедена сум дека доколку има споделена добар волја прашањата можат да се надминат со помош на експертската јавност која ги има потребните знаења за решавање на таквите спорови. Во спротивно доколку исклучокот стане правило Европската унија ризикува да го загуби својот кредибилитет и ветувањата кои ги има дадено земјите кандидати и во следните прагови на проширување. Затоа преговорите треба да почнат сега и веднаш без понатамошни одложувања. Ова е до толку повеќе важно имајќи ја во предвид сложеноста на процесот и пакетот на реформи во правна, но и во финансиска смисла кои треба да бидат исполнети до нашето членство во Европската унија. За нив ќе ни биде потребн време, стручна помош по принцип на научени лекции од нашите пријатели во националните парламенти, сега земји членки на Европската унија, поддршка од европските фондови за потребните реформи кои чинат многу ќе бараат поголем ангажман од нас како политичари, но и од бизнис заедницата и останатите чинители во државата во целост. Во тој поглед придонесот на граѓанското општество што работи во поединешните области со децении може многу да помогне за подобрување на квалитетот на донесеното европско законодавство во текот на преговорите, а ние како Национален совет имаме добра основа да делуваме обединувачки и заедно си сите членови да направиме многу за во текот на овој обемен и комплексен процес се разбира успееме.

**Александар Николоски:** Благодарам.

Би сакал да ја поканам Даниела Арсовска претседател на Сојуз на стопански комори на Македонија, повелете.

**Данела Арсовска:** Благодарам многу претседателе,

Најпрвин би сакала да ви се заблагодарам на сите тука за можноста што ќе ја имаме во наредните години да учествуваме заедно во овој нов мандат на Националниот совет. Жал ми е што изгубивме доста време, скоро една година од мометот кога требаше да биде конституиран практично Советот и да отпочне со работа, меѓутоа верувам дека во наредните три години ќе имаме можност многу што да направиме по однос на ова прашање.

Би сакала да се осврнам на една тема која што вицепремиерот ја спомна пред малку значи многу е важно политчките чинители во Македонија конечно да постигнат еден консензус за оние прашања кои се навистина важни за наше напредување особено за наше интегрирање во Европската унија. Повеќе важно е, мислам дека тоа му е важно и на секој граѓанин на Македонија меѓутоа и на стопанството, да почуствуваат стабилност,

да почуствуваат сигурност, да почуствуваат дека имаме консензус дека сакаме навистина да се движиме на овој пат кон Европската унија и пред се не само, барем во она што е во делокругот на Собранието да се носат овие закони кои се ставаат на агендата како реформски, туку истите да се имплементираат меѓутоа понатаму и да се почитуваат. Она што е важно за стопанството е да биде сигурност и стабилност во борбата против криминалот и корупцијата, против сивата економија нешто кое што навистина не обременува и ќе не обременува се до оној момент додека не бидеме посветени активно барем да се санираат оние работи кои што може да се направат на ова поле и би кажала нешто финално ете од она кое што го спомна вицепремиерот 19 закони кои што се во моментот во собраниска пороцедура, апелот од деловната зедница е да се внимава на квалитетот и да се избегнуваат веќе оние практики на брзите закони односно на брзо носење на закони под европско знаменце во Парламентот. Тоа е нешто што е во делокругот на Собранието, а кое што е во наш интерес. Во наш интерес е да има активна дебата за сите прашања кои што се од областа на законодавниот дом, да можеме да учествуваме, да можеме ете ЕНЕРОТ го имаме како една алатка пред да пристигне во ваши раце законското решение да ги дадеме своите забелешки но меѓутоа не ретко тие воопшто ниту се разгледуваат ниту се имплементираат во законските решенија, важно е за секој од нас да знаете дека оние критики кои што ги даваме се конструктивни и се во насока на имплементирање на најдобрите практики, не само она што го бара Европската унија туку и во она кое што навистина може да се имплементира во Македонија. Затоа што да не се лажеме колку ние да сакаме да се движиме по овој пат не сме секогаш доволно подготвени со истото темпо да се придвижиме нанапред. Благодарам многу и ви посакувам на сите убава работа.

**Александар Николоски:** Благодарам и јас.

Би сакал да ја поканам Гордана Сиљановска Давкова член на Националниот совет, повелете.

**Гордана Сиљановска Давкова:** Благодарам, еве и јас со добра волја, бона фиде како некој кој прв пат е во овој Совет сакам да укажам на неколку нешта. Министерот го спомена погледот на политиката, далеку сме од тоа политиката да ја перцепираме како уметност на можност во филозофска античка смисла на зборот, далеку сме дури и од перцепцијата на политиката како метод, како начин на усогласување на разликите водени од јавното добро република што би рекла Хана Арент. Ние сме пример за политика во смисла на Харт Ласвел, кои, кога, како и кога добива за жал. Значи, Советот е одлично лоциран, мислам дека е добро решение Хрватското решение, подобро дури и од посебни министерства за евроинтеграции, но моите хрватски колеги и пишуваат и укажуваат дека успехот реформски на патот кон Европската унија најмногу зависи од администрацијата на квалитетот и тоа бил нивниот најголем проблем, државната и јавна администрација. Ако Хрватите се соочија со овој проблем можете да замислите ние во услови на партизирана и политизирана администрација уште колкав проблем ќе имаме. И затоа повикот кои што беше и во Хрватска многу гласен за придружба своевидна на универзитетите на академскиот кадар во овој процес што ние еднаш успешно го докажавме околу пополнувањето на прашалниците само да потсетам дека би можело да помогне. Кога сме пред прагот на превзмеање на претседателството од страна на Словенија, еве јас сакам да укажам дека и на мојот универзитет, а и на други веројатно има многу луѓе кои своето докторско образование го стекнале токму таму. Ние велиме дека е тоа нашата втора дежела, мислам дека тоа треба исто така да се искористи. Што сакам да кажам, Лисабонскиот договор тоа го спомнавте исто така дури и се нарекува договор за парламентите. Јасно е тогаш дека улогата и на овој парламент мора и може

да биде клучна, но не заборавајте ние сме истите, ние не сме поинакви во рамките на Советот, ние сме истите оние кои на комисиските расправи наместо за општо добро се расправаат за персонални колективни интереси, гласаат не врз основа на рационална анализа, не водени од општото добро туку од партиското добро. Добро е што е претседател некои од опозицијата зошто ете тоа го покажува начинот по кои што треба да се движиме. Веќе и се чини Даниела потегна едно за мене најважно прашање, јас сакав дури и да ве прашам кога зборуваме за степенот на хармонизираноста, мене многу ме интересира дали е тоа по бројот на законите што се хармонизирани или пак зошто бидејќи одговорно тврдам дека многу пати овде се нема респект кон европското знаменце бидејќи тоа не е само апликација на страница, туку значи вредност, значи квалитет и се носат закони со тоа европското знаменце што врска немаат со акито ниту има директива ниту има регулатива за тоа, се споменуваат конвенции, се споменуваат акти на советот на Европа. Значи, кога претседателот на Собранието ќе доживеам да врати некој закон, да и врати на Владата и да рече дека го нема бројот на директивата, нема потпис, тогаш ние сериозно се однесуваме кон Европската унија. Околу значи од Европската унија сега на дневен ред би сакала неколку збора. Европската унија немала и се уште нема јасно е тоа, јасна политика кон Балканот, а особено нема јасна политика кон така наречениот Западен Балкан. Критикувам бидејќи ако е географија не може да биде менлива, прво нели бившите Југословенски држави плус Албанија па потоа минус Словенија, па потоа минус Хрватска, па потоа плус Косово каде е тука концептот, жестока критика е ова и мене ме плаши токму таа групација на држави која многу често во Европските критички книги се нарекува периферија на периферија. Е сега што е тука по мене најважно. Значи, нам ни е јасно дека не само географски како што вели министерот туку историски и културно можеби освен за отоманската империја и за време на комунизмот не сме биле дел на Европската унија. Значи, Европската унија има обврска кон овој регион од многу причини, повикот со децении да се напушти едно партискиот систем и да се демократизира беше многу моќен. Понатаму да не го цитирам се сеќавате на Рен кога велеше или ние ќе извезуваме стабилност и просперитет или ќе увезуваме и стабилност. Да не говорам за апструкциониот капацитет, да не говорам во економијата иако не е за фалење дека и евтината работна сила, а квалификувана е можеби една од причините. Меѓутоа кога одам назад многу многу значи пати да не говорам за специфичниот начин на нашата интеграција, тоа беа специфични критериуми, надвор од Копенхагеншките критериуми отвораше многу дилеми и со право велите дека дојде моментот кога не само за нас, туку и за Европската унија веројатно стои одговорот на прашањето до кога бидејќи ова веќе наликува на чекање на годо. Значи ако сите во Европската унија постојано велат дека западниот Балкан е ахиловата пета, тогаш треба нешто да се земе навреме. И се согласувам дека би можеле ние ама и тие навистина да почнеме да се однесуваме поинаку.

Бидејќи ја спомнав хармонизацијата сакам нешто да кажам уште. Мислам дека е важен квалитетот на законите, точно е дека ковид 19 креираше можеби и влијаеше врз ексклузивниот наместо инклузивниот модел, јас многу пати велам не сум јас ренесансна личност значи мене ми треба знаење да ми објасни некој што ова всушност значи во областа што му е специјалност за да знам кога кревам раце дека верувам во нешто што ми е јасно. Можеби треба еве да осегнеме и кон оној институт на пост законодавен надзор вообичаен, значи во земјите членки на Европската унија што по две години сме направиле, дали навистина регулативата во која сме се колнеле овде ја донела Европа или ја препознавме Европа дома, зошто во спротивност мислам дека само ќе повторуваме. Значи, мислам дека вие треба исто така да смените нешто, вие да иницирате, а не ние да ве бараме да дојдете овде. Секогаш кога на дневен ред е прашање кое што е од национален интерес, а овие се такви прашања и за кои треба

консензус национален што ние го немаме. Затоа добре дојдовте овде, се надевам дека ќе има расправа со аргументи бидејќи целта ни е заедничка, а се надевам дека и Европската унија, не велам дека е тоа можно сега бидејќи секој од нас што се бави со проблематиката на Европската унија знае дека во отсуство на европскиот демус и во отсуство на поделба вистинска на власта, мислам на Парламентот, на Комисијата и на Советот, јасно е дека кој ги носи одлуките и далеку сме од она што го нарекуваме понекогаш демократски начин на одлучување и внатре во самата Европска унија. Да, Џозеф Вајнер како велеше, за Европската унија вели хрватскиот професор, царот е гол понекогаш, тоа се гледа и во односот на кандидатките за Европската унија и многу ми се допаѓа неговата тема дека односот е како на судија кон некој кој што е обвинет или на евромандарин кој што не гледа дека оние кои не се во Европската унија и кои се кандидати или кандидати за кандидати имаат право да предложат идеи за решенијата кои што се заеднички дека со тоа може да се добие квалитет и јас мислам дека еве ова е просторот за размена на идеи меѓу да речам еден дијалог поинаков меѓу власта и опозицијата и дека ќе дојдеме до некои европски заеднички решенија докажувајќи дека хомобалканикус е хомополитикус, а тоа е нешто друго. Благодарам.

**Александар Николоски:**

Благодарам.

Би сакал да го поканам господинот Александар Наумовски градоначалник на општина Ѓорче Петров и претставник на заедницата на единиците на локалната самоуправа, повелете.

**Александар Наумовски:**

Благодарам претседателе, почитувани членови на Националниот совет.

Огромно задоволство е како претставник на заедницата на единиците на локална самоуправа да учествувам, да се почувствува една позитивна енергија која што не ајде веќе во последни години влагаме, меѓутоа цел живот ја бараме Европската унија. Јас би се повикал на Повелбата на Советот на Европа на најголемата паневропска организација каде што и Европската унија вклучително со сите земји кои поединечно и целосно како еден концепт учествува односно мисли глобално делува и локално, затоа би потенцирал да се најде локалната самоуправа и општините и вклучително и Градот Скопје во деталната агенда во делот на транспонирање на законодавството бидејќи ние Европа треба да ја почнеме од дома ако општествената база е семејството каде што се учат вредностите тогаш општествената база на европските вредности е локалната самоуправа. Често пати поделбата на власта по Монтески е, ние имаме три власти меѓутоа се заборава и четвртата и локалната власт која лебди во воздух која што не е уставна категорија и петтата новинарите односно јавноста. Во тој дел сметам дека општините се малку запоставени од високата политика, во делот на ресурси, капацитети кои што треба да се градат во иднина и затоа ни требаат нас лично насоки, конкретни, за да можеме да бидеме спремни во тоа што следи и во дај Боже да бидат побрзо преговорите со Европската унија. Благодарам.

**Александар Николоски:**

Благодарам и јас.

Дали некој друг бара збор?

Арбер Адеми претседател на Комисијата за европски прашања во Собранието на Република Македонија, повелете.

**Арбер Адеми:**

Благодарам претседател на Комисијата Николовски, почитуван заменик министер на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања господине Димитров, почитувани колеги пратеници, дами и господа,

Навистина е чест за мене да земам збор на оваа прва седница на Советот за евроинтеграции, господине претседател ви посакувам успешна работа, секако дека за нашите граѓани најактуелно прашање е предизвикот со соочување со пандемијата и вакцинирањето за да се врати живото во нормала, но толку сериозно се и другите предизвици како што се од економијата, институционалните, дигиталните итн. со кои што ние се соочуваме како општество.

Јас во текот на 2017 година на таа позиција јас тогаш реков дека без разлика на тоа што имаме со кои предизвици се соочуваме евроинтеграцијата е наш приоритет главен приоритет и како држава немаме друга алтернатива. Со истиот став и денес сум на тој став, но во овој случај би сакал да нагласам како претседател на Комисијата за европски прашања јас се уште мислам исто кога денеска кога одбележуваме 30 години од осамостојувањето на Република Македонија секако дека нашата држава има една добра иднина како членка во Европската унија. Но, и предвиден политичка стабилност и економска стабилност. Најголема заслуга секако дека им е на граѓаните дека не треба да се заборават и нашите пријатели кои ни помагаа и помагаат и верувам дека и во иднина ќе ни помогнат.

За надминување на сите предизвици особено на тие кои што се на стратешки интерес како што е членувањето во Европската унија. Северна Македонија уште пред 20 години го избра својот европски пат од кои не отстапува и заедно со земјите од регионот и припаѓаа на Европската унија. Ние во изминатиот период за време работевме премногу за време на Германското претседателство со советот на Европската унија но и во последните месеци за да се започнат преговорите и се надевам дека почнувањето ќе дојде 17 години по добивање на статус кандидат од 2005 година. сакам да нагласам дека предлогот од Португалското претседателство со Советот на Европската унија за надминување на прашањата со соседна Бугарија е добра основа за конечно решение за градење на добро соседство. Мислам дека во преден план би требало да бидат нашите заеднички интереси и нашата заедничка европска иднина. би сакал да потенцирам дека Северна Македонија заслужи да се движи понатаму на Европскиот пат, Европскиот совет бидејќи требало во јуни конечно да ја метеарилизира одлуката за почеток на преговорите од март минатата година. сите ќе се согласиме дека после толку години чекајќи во чекалната Европската унија навистина ни треба добар почеток на преговорите. Не само за Република Северна Македонија не само за тоа дека ние имаме потреба, не само тие се наши амбиции, но тоа се однесува и самиот кредибилитет на проширување со кредибилитетот на Европската унија на институциите на Европската унија. Затоа мислиме дека земјата треба да почне што побрзо со преговорите, почнувајќи со првиот кластер за да излеземе со новата методологија која предвидува политички надзор од страните на земјите членки во овој процес. Значи, ни треба позитивен сигнал за нашите граѓани за нашите институции за продолжување на реформите со побрз ритам и мислам дека ќе треба ова да се случи како општество сите ние ова го заслуживме и ова подразбира и продолжување на агендата за реформи како што и прилега на една европска држава и се сложувам со тоа дел од тоа што рече госпоѓа Сиљановска не само географски но историски и на културен и на многу други аспекти. Ние и припаѓаме на Европа, и припаѓаме на оваа цивилизација.

Исто така заради тоа што се враќаме на тоа што сум го рекол во 2017 година и постојано го повторуваме дека, друга алтернатива немаме, но треба да се сочува кредибилитетот на овој процес за да се сочува кредибилитетот и на проширување исто

така, дека треба да се надминат сите отворени прашања, со целите или со другите држави и овие прашања нема да бидат пречка за влегување на една држава како што е Република Северна Македонија во Европската унија. Уште еднаш господине претседател, ви посакувам успешна работа, како претседател на Советот за евроинтеграции. Да ме сметате како партнер за постигнување на нашите заеднички цели. Ви благодарам.

**Александар Николоски:**

Ви благодарам и јас.

Да го поканам господин Антони Пешев, извршен директор на Стопанската комора на Македонија. Повелете.

**Антони Пешев:**

Заменик на премиерот на Владата на Република Македонија, во интерес на времето нема да говорам многу, она што сакам да го кажам е дека, пред се ми е драго дека, Националниот совет за евроинтеграции на кој сме активни членови веќе доста време, продолжува да има пракса да ги повика во своето работење и Стопанските комори, што е многу важно, заради тоа што ценам дека ултимативната цел на влегувањето на Македонија во Европската унија не се само политички аспекти на зачленувањето туку и економските причини поради кои во таа заедница влегуваме. Ако влеземе во Европската унија поради сите оние условно кажано цивилизациски придобивки од демократијата на владеењето на правото и слободата на медиумите ќе ги искусиме, секако и треба да го искусиме и она што е битно за нашата држава да бидеме активни, па продуктивен член на Европската унија имајќи во предвид дека по патот на Европската унија која веќе трае многу долго време ја изгубиме сопствената економија и таму да дојдеме само како некој што треба да биде слуга на таа институција.

Зошто го говорам ова? Заради тоа што, ценам дека, нашата држава веќе долго време фокусирана само на аспектите кои значат побрзо влегување на Македонија во Европската унија, вклучително усвојувањето на законска регулатива која само го подига степенот на исполнетост на обврските за хармонизација на регулативата, па некогаш ги остава по пат субјектите во деловниот свет кој губат многу пари. Не само за тоа, ја уништува нивната можност да во времето кога реално ќе дискутираме за економските аспекти на таа работа, ќе немаме за што да преговараме. Да не говорам дека во изминатиот период, значаен дел од најквалификуваната работна сила во Македонија замина од државата и овој процес апсолутно го поддржуваме, ако ништо друго тоа да што побрзо влеземе во активност на ситуации за да ги задржиме младите во нашата држава. Јас само сакам да потенцирам дека деловната заедница ќе биде сериозна во анализата на законите кои се носат со или без знаменце, заради тоа што, пред Национален советот за евроинтеграции треба да знаеме што ќе ни следи кога навистина ќе дојдеме таму. Дали до тогаш ќе имаме потреба да разговараме за нискиот сектор а ниски сектор немаме и дали ќе имаме потреба да разговараме за металниот сектор ако метален сектор меѓувреме сме упропастиле. Да не заборавиме, финалниот преговори со Европската унија не се политичките аспекти тие се првите, последните се колку ние како држава во една таа една економија ќе донесете и што треба да се откажеме, вклучително во сопствената економија да опстанете во дел од таа заради тоа што, ќе имаме квоти, рестрикции и чуда кои воопшто не сме ги отвориле во изминатиов период. Не сакам многу да должам, сакам да кажам дека, Стопанската комора е долго време во овој процес, ги прати процесите, активно поддржува, ние меѓу другото направивме исклучително големи напори да во регионалните комуникациите помеѓу економиите бар во регионот ги подигнеме на ниво кое што е потребно и мислам дека со целокупното свое делување, делуваме конструктивно на рушењето на генерални бариери како ги има економијата.

Упатувам на тоа дека, ако ништо друго имате малку повеќе фокус да во иднина законите особено тие што носат знаменце, ако значат пореметување на позицијата на било кој субјект, го оддложните нивното активно функционирање до времето кога реално ќе дојдеме пред Европската унија. Зошто ако денеска донесете закон кој ќе затвори 2, 3, 5 фабрики, а ние ќе станеме членка по 10 години, сме можеле тие 10 години да ги имаме тие компании во функција. Тоа е поентата, значи потребен ви е гласот на реалниот сектор и ве поздравувам сите и се надевам дека во овој позитивен дух, кој денеска го видов на оваа седница, ќе продолжиме да комуницираме, стоиме на располагање и апсолутно ќе бидеме контролен механизам кој секогаш ќе има причина да ви каже што мислиме дека со одреден закон не е добро и нека биде во форумот каде што реално само можеме да кажеме нешто. Не учествуваме во други комисии, претседателе, и се надевам дека ќе дозволите по некогаш и да излеземе од базичната тема. Благодарам.

**Александар Николоски:**
Ви благодарам и јас.
Дали некој друг бара збор?
Тимчо Муцунски. Повелете.

**Тимчо Муцунски:**
Благодарам претседателе.

Јас се придружувам до честитките за оваа прва седница на Националниот совет за евроинтеграции, размислував дали да говорам како заменик член на Советот, малку ме стимулираше во таа насока господинот Пешев, со неговото обраќање. Сега помеѓу обраќањето имав прилика да погледнам што има на вести и дури ние тука зборуваме за Европа, Европската унија и нејзините придобивки, видете еден интересен наслов од еден новинар кој што многу го почитувам, вели: Невидливите раце на политиката се уште успеваат да се мешаат во судските одлуки. Ќе се согласам целосно со господинот Пешев, дека предусловите за квалитетна економија, за многу работни места, за нормално функционирање на пазарните текови, ние мораме да ги создадеме. Мора да се носат квалитетни закони, мора да се носат квалитетни закони кои што потоа соодветно се имплементираат и тоа веројатно е најголемиот недостаток кој што нашето општество го има во овој момент. Имаме, одредени закони кои што се добри но не соодветно се имплементираат. Корупција има во секоја пора на општеството. И, тоа не му дозволува на приватниот сектор да функционира како што треба, затоа што, претставниците на деловната заедница се премногу внимателни, по внимателни од што треба при носење на одлуки за инвестиции а и тие инвестиции кои што ги имаат не можат да го земаат соодветниот развоен тек кој што бидејќи се очекувал во една нормална, функционална, пазарна економија.

И, затоа јас се надевам дека, ова тело ќе биде многу повеќе тело кое што ќе предизвикува дејствување наместо тело кое што ќе биде центар за политичка демагогија. Европската интеграција зависи од нас, потребна како собраниски состав да си го поставиме прашањето, бидејќи по мене за да имате функционална економија, вистинска пазарна економија, вие прво морате да го деполитизирате правосудството и јавниот сектор. Но, ајде да си го поставиме прашањето: Кои закони се донесени од овој собраниски состав? Јас тоа веќе подолг период го поставувам како реформа на правосудството и реформа на јавната администрација. Имаме многу стратегии. Многу кажани зборови, но многу малку дејствувања во пракса. И затоа тоа е мојот апел, не само ова тело туку до сите нас, бидејќи имаме тука во некоја форма на надзор, како претставници на деловната заедница, претставници на невладиниот сектор, претставниците на единиците на локална самоуправа, сите заедно да бидеме тие кои што

ќе ја туркаат земјата кон вистинска европеизација, затоа што, стравувам дека апстрактноста, не европеизацијата кај нашите граѓани е токму основниот причинител зошто и се намалува довербата во процесот на евроинтеграции. Велиме сакаме во Европа, да ја движиме земјата кон Европа, многу стратегии, многу планови, но граѓаните се посиромашни, деловната заедница се по резервирана при носење на своите одлуки, корупцијата не е намалена, е зголемена, има уште многу сериозна работа пред нас.

Жалам дека Македонија не е на вистинското место за кое што заслужува, и жалам што гледаме многу најави, многу кажани зборови, но праксата секојдневно во ова Собрание еве денес се потврдува, дури ние седиме во ова сала, во друга сала во Собранието ми се потврдува дека нема желба за де политизација на судството. И, потоа граѓаните треба да ги убедуваме дека споделуваме сите европски вредности. Ве молам, барем во ова тело да покажеме дека можеме поинаку и дека, како беше? Можеме многу подобро, затоа што, граѓаните затоа се разочаруваат од ваков тип на одлуки. Се е апстрактно, ништо не е конкретно, треба да се носат закони и потоа треба функцијата на Собранието да си ја оствари својата надзорна улога врз институциите кои што не спроведуваат закони. Затоа, уште еднаш ќе честитам за почетокот на денешната седница, но ова да биде еден почеток на конкретни, опипливи мерки, процеси и влијанија врз институциите во позитивна смисла. Да не бидеме тело кое што само по крајот на својот мандат ќе каже, донесовме многу декларации, верувам дека за прв пат Национален советот за евроинтеграции предводен од претседателот Николоски, може да биде тело кое што навистина ќе направи некои позитивен исчекор во процесот на евроинтеграција на Република Македонија. Благодарам.

**Александар Николоски:**

Ви благодарам и јас.

Да го поканам господин Дриљон Исени, извршен директор на Стопанската комора на северо-западна Македонија. Повелете.

**Дриљон Исени:**

Ви благодарам претседател.

Почитувани присутни, пратеници, претставници на Стопански комори. Јас го поздравувам Националниот совет како значајно тело и што се однесува врз европската агенда воопшто. Секако дека процесот на евроинтеграција останува една од најглавните цели или точки кои што не обединуваат но овој процес секако дека треба да биде инклузивен и опфатот на Стопанските комори ни дава позитивен аспект. Стопанските комори се многу сериозни во овој опфат, исто така, во ова време на криза ние потврдивме дека имаме капацитет да дадеме конкретни предлози, како што бевме во текот на пандемијата со предлозите за надминување на кризната состојба и на другите предлози кои што ги даваме за дијалогот на политиките околу приватниот сектор. Тоа што треба да се фокусира ова тело треба да се објаснува пошироко процесот за влез во Европската унија бидејќи компаниите не се и толку свесни околу тоа што ги очекува во овој процес и овдека е улогата на Секретаријатот за европски прашања, додека компаниите преку Стопанските комори треба да објаснат колку овие закони може да се применуваат во пракса и дали е бизнисот тоа што може да одговара и на тоа колку законите можат да бидат спроведливи, секако дека имајќи го флексибилитетот кога станува збор за регулативи тогаш помалку имаме простор но тоа што се однесува во трансформирање на регулативите треба да биде опфатен и бизнисот.

Овдека треба да имаме Стопанска комора, да имаме канцеларии во Собранието каде што ние можеме да учествуваме кога ќе се донесуваат законите и овој форум е еден орган каде што може да биде и нов почеток. Јас не би должел многу, бидејќи моите

колеги потенцираа, кажаа околу улогата која што ние ја имаме како претставници на бизнис заедницата но секогаш ќе бидам подготвен да дадам наш придонес за овој процес. Ви благодарам.

**Александар Николоски:**

Ви благодарам и јас.

Дали некој друг бара збор?

Ако никој не бара збор, би сакал јас кратко да се обратам.

Благодарам, на сите да ви се заблагодарам за присуството, за учеството и за навистина конструктивната дебата и се надевам дека во овој дух ќе продолжиме во годините кои што следуваат пред нас. Би сакал малку повеќе да проговорам околу точката не само протоколарно и не само во насока на отворање на Националниот советот туку еве и во мојата улога како пратеник во Собранието на Република Македонија. Се сеќавам дека од истата оваа говорница, во истата оваа сала, пред многу години кога комесар за проширување на Европската унија беше Оли Рен и исто така, зборувавме зошто таа година нема да се отворат преговори, дали следната година ќе е доцна да се отворат преговори или не. За од 2021 година имаме иста или слична дебата, и во таа насока би сакал да позборувам за две работи. Првата работа за која што сакам да позборувам е, колку е возможно да Македонија ги отстрани проблемите кои што ги има, не е само за почеток на преговори туку е и во делот на преговорите после тоа и второ, дали треба како општество и како политички субјекти но и како претставници на целокупното општество, тука ги имаме Стопанските комори, ги имаме верските заедници, се надевам во следната седница на Националниот совет кога помеѓу себе ќе успеат да најдат договор и граѓанскиот сектор. Дали како општество не треба да продискутираме за тоа како да ја развиваме државата во вакви услови.

Во однос на првата точка која што сакам да ја отворам, гледаме јавноста е делумно информирана, не би рекол целосно, во однос на состојбите во Бугарија, гледаме дека за жал таму немаме пријател и конструктивен партнер, во ниеден дел од бугарското општество, не е дека досегашните владејачки партии има еден став, па опозиционите кои што можат утре да бидат влада, имаат друг став, напротив, ставот е не поделен и тој став, бугарското национално собрание како консензус го изгради во ноември 2019 година. Клучното прашање што се отвора е: Зошто не се искористи периодот од некаде јуни месец 2018 година до формалното Бугарско вето во март 2020 година, но тоа е нешто за што многу пати до сега сме дискутирале. Но, фактот денес е дека, не можеме да сме големи оптимисти со Бугарија, доколку нема спремност, а нема спремност да целосно се обезличи македонската држава и македонскиот народ како основен супстрат на македонската држава. Во таа насока, би сакал да дадам и една критика на односот на Владата во делот на разговори со Бугарија, имено тие се завиени во една тајност, јавноста нема достапни информации, најголем дел од информациите стигаат од странски медиуми и од странски политичари и претставници, никако од домашни политичари и претставници. И, тоа мислам дека е за критика. Во исто време, јасно е дека, позициите на соседна Бугарија се такви да човек е тешко да биде оптимист, особено што после Договорот за пријателство и добро соседство од 2017 година кога беше најавувано дека сите прашања се затворени, гледаме дека не се затворени. Сите прашања, што значи без разлика што јас и со тој Договор не се согласувам, што значи веројатно и тогаш Бугарија не влегла со добра намера во целиот овој процес.

Во таа насока, мислам дека Владата треба да е многу внимателна кон прифаќање на било што, кое што бидејќи значело нарушување на македонските национални позиции, самобитноста на Македонскиот јазик, Македонската култура, Македонската етничка засебност и не само историјата како историја, затоа што, тоа некогаш и по пежоративно

се прикажува во јавност, туку ревизијата на историјата која што може да значи ревизија на иднината. Особено во делот на Втората светска војна каде што мислам дека и бројни наши партнери ќе се спротивстават доколку Македонија се согласи на ревизија на историските факти од Втората светска војна, па можеме да отвориме еден поголем проблем. На пример, Франција е земја членка на Европската унија која што не верувам дека ќе се согласи со тоа дека во Унгарија имало ројалисти и комунисти кои што воделе граѓанска војна помеѓу себе, како што нели денес сака официјалната Бугарска историја и географија да ги претстави работите. Така што тука многу, многу внимателно мислам дека треба да се однесува Владата кон овој процес на разговори со Бугарија.

Втората работа која што сакам да ја кажам е во однос и на самиот процес на преговори. Добро е што имаме консензус за членство во Европската Унија и тоа е неподелен во македонското општество и мислам дека нема потреба да го повторувам. Но, исто така треба да сме свесни дека со усвојувањето на новата Методологија за пристап кон Европската Унија на дело видовме дека, значаен дел земји членки на Европската Унија, особено дел многу моќни, имаат резерви кон процесот на проширување на Европската Унија. Еве, најдобар доказ е дека Црна Гора, која што ги отвори сите поглавја и Србија која што беше прилично напред во преговорите, воопшто немаат почнато да преговараат по новата Методологија, иако истата ќе направи две години како е усвоена, што говори за состојбата во општествата во рамки на Европската Унија и во нивната расположеност или нерасположеност за процес на проширување.

Мислам дека вака отворено треба да ги кажуваме работите, затоа што поминаа годините кога сите декларативно бевме "за" и сите декларативно се слагавме и мислам дека граѓаните добро знаат, не се наивни како расте македонската демократија се и поедуцирани и политички, и мислам дека треба да фер им ги кажуваме работите, затоа што, ако не ги кажуваме фер, ќе знаат дека одредени работи или скриваме или сакаме да не ги споделиме со јавноста. Во таа насока, мислам дека не само како Национален совет, туку воопшто државата треба да размислува за тоа како да се развива државата додека овој процес се затвори, прво со Бугарија, ако воопшто може да се затвори, и второ, во однос на скепсата на проширување на Европската Унија, затоа што, да не се лажеме, доколку имаше јасно расположение за почеток на преговори со Македонија, останатите земји ќе најдеа форма и начин да извршат притисок врз Бугарија да не го блокира почетокот на преговори на Македонија за членство во Европската Унија, а всушност и после отклонувањето на пречката со Грција, помина скоро година и пол каде што Бугарија не правеше формално проблеми но не почнуваат преговори, што дава кредибилитет на ова што го зборувам.И затоа мислам дека треба да сме отворени и сериозни во пристапот. Мислам дека има три дела. За првиот дел, Владата веќе презентираше план. Се надевам дека ќе се реализира. Првиот дел е во однос на владеењето на правото. Вториот дел е во однос на реформата на јавната администрација и безбедносните служби. Ги ставам како еден сектор. И третиот дел е во однос на економската активност.

Во однос на владеењето на правото, реформи во јавна администрација и безбедносни служби, многу е говорено досега во ова Собрание, во интерес на времето тоа ќе го прескокнам и само ќе кажам дека тоа е клучот за сите нас, без разлика дали имаме преговори и сме членка на Европската Унија или не, затоа што тоа е тоа што го очекуваат граѓаните.

Но во однос на економската активност, мислам дека е нешто што, покрај владеењето на правото, граѓаните најмногу го очекуваат, затоа што кога ќе прашате обичен човек на улица, зошто сакате Македонија да е членка на Европската Унија, вели, затоа што сакаме да има ред, тоа е владеењето на правото, и затоа што сакаме поубаво да живееме.

Во таа насока, мислам дека Владата треба да е многу, многу поактивна. Ќе спомнам неколку работи. Прво, сметам за грешка одбивањето да се разговара во однос на членството на Македонија во Европската економска асоцијација или заедница. Тоа го кажа претседателот на државата, така прилично меко, без никаков општествен дијалог и консензус, а одбивањето за мене е грешка, од причина што, прво не сметам дека Европската економска заедница може да е замена за членство во Европската Унија. Тоа да го кажам на старт. Но, мислам дека такви крупни одлуки се носат во консултација помеѓу клучните политички субјекти во државата и не затоа што се денеска тука, и со претставниците на стопанството, односно на стопанските комори, затоа што тие се тие кои што овдека треба да бидат најголем бенефит.

Мое лично мислење е дека, доколку има таква можност Македонија треба да ја прифати и да го почне процесот, доколку е возможно, на зачленување во Европската економска заедница, потенцирајќи дека тоа не е замена за членство во Европската Унија, но подобро барем нешто да имаме и барем тој процес да се движи додека го чекаме овој другиот процес да се заврши.

Втората работа е во делот на инфраструктурата. Јас за ова говорев јавно во изминативе месец дена. За жал, не видов дека беше сериозно сфатено или беше игнорирано, или од дел мои политички опоненти дури и на потсмев прифатено, но мислам дека тоа говори за состојбата во која што е македонската јавност кога, кога се зборува за крупни инфраструктурни проекти, изгледа толку неверојатно, што истите се прифатени со потсмев, наместо сериозно да се влезе и да се дискутира за истите.

Во таа насока сакам неколку работи да кажам. Македонија мора да е спремна и да има спремни проекти, пред се, во делот на инвестицискиот план за Западен Балкан, кој што е огромен, 9 милијарди евра се грантови, кои што директно може да се добијат како грант и некаде уште, зависно, варира како ја гледате сумата, еве до 21 милијарда поволни кредити кои што можат да се повлечат за големи инфраструктурни проекти. Досега не добивме кредибилен одговор, дали Македонија има спремни проекти да аплицира за истите. Видовме како соседна Србија одржа лекција во делот на брзата пруга. Веќе градат линија која што оди северно од Белград, а за делот кој што би одел јужно од Белград, од Белград, Ниш, кон Скопје, се спремни, имаат готови проекти и се конкурентни, затоа што успеаја да добијат веќе една понуда од страна на кинески компании, кинески коинвеститори, отидоа во Брисел, Брисел даде подобра понуда и тоа е за поздравување. Мислам дека геостратешки во овој регион треба да влегуваат западните политички сили а не други политички сили, но успеаја во еден таков конкурентен дијалог да добијат две работи. Прво, да добијат подобра понуда, и второ, да добијат грант од 650 милиони евра, за што Македонија во моментов може само да сонува.Постои и една голема опасност во овој дел, а тоа е  дека Македонија, ако остане во подолг временски период неспремна, кога велам подолг мислам на две до три години, не мислам на децении, брзата пруга може целосно да не заобиколи, затоа што Бугарија е веќе спремна и нуди од Ниш, фигуративно кажано, пругата да оди лево кон Бугарија, по истата траса по која што се движи автопатот и по реката Марица надолу да се спушта кон Грција и повторно да се спојува со Солун. Значи, брзата пруга од Атина до Виена ќе се случи. Во делови е веќе изградена, на пример, Атина - Солун е изградена. Прашањето е, дали ние ќе сме дел од тој проект или ќе останеме слепо црево на Балканот. И тоа е тема за која што сериозно треба да се дискутира, дури и ако не се добие датум за почеток на преговори за две недели, а и ако се добие датум за преговори, затоа што, тоа е суштински значајно за Македонија, не само затоа што ќе влезат некаде две и пол милијарди евра директни инвестиции во изградба на една таква пруга, туку и затоа што тоа ќе значи прво, гарантирање на позицијата на Македонија заради географската местоположба и искористување на стратешката линија на Македонија во делот на

искористувањето на Вардарск-Моравската долина, и второ, ќе значи еден силен развој на стопанството и по движењето на таа пруга, но и генерално.

Во таа насока, сметам дека исто така треба да се искористи моментот на значајно поголем фокус во делот на зелената агенда. Веќе еден таков самит помеѓу 40-тина најразвиени држави се случи во април месец, со кој што претседаваше претседателот на Соединетите Американски Држави, Џо Бајден, а за 15 јуни е најавен Самит помеѓу Европската Унија и Соединетите Американски Држави на кој што, исто така, претседателот Бајден ќе присуствува и на кој што во Брисел ќе се случи на кој што една од главните теми е токму овој дел на инвестиции во инфраструктура, со цел да се спречат одредени други влијанија и да се развива Европа и секако тука клучен дел, просторот во кој што ние живееме.Не гледам подготвеност ниту на Министерство за транспорт и врски, ниту на Министерство за економија да бидат партнери на вицепремиерот за европски прашања и на Министерство за надворешни работи да им дадат спремни, готови проекти со кои што ќе можат да отидат и да дискутираат, а за жал, претседателот на Владата гледам дека овие прашања воопшто ги избегнува. Така што, ова е уште една тема на која што мислам дека треба да посветиме сериозно внимание, особено што, доколку влезат вакви фондови ќе можат буџетски средства да останат за реализација на други инфраструктурни проекти од типот на Коридорот 8, конечно завршување на автопатско решение, целосно автопатско решение кое што треба Скопје да го поврзе со Охрид, Струга и со границата со Албанија, електрификација на пругата до Кичево, изградба на нова делница од Кичево која што ќе оди до Охрид, Струга и Линд, и секако довршување на пругата кон Бугарија, а вакви значајни инвестиции ќе го зголемат и бруто домашниот производ, што ќе остави простор и за одредени други задолжувања, а процентот на задолженост да не расте, зошто и да не паѓа доколку имаме сериозен раст на бруто домашниот производ.

Сакав овие теми да ги отворам, затоа што сметам дека за граѓаните е вонредно значајно да дискутираме за овие теми, затоа што овие теми живот значат за граѓаните, а сето останато да го имаме како, секако, еден консензус за членство во Европската Унија, но исто така, и со една голема внимателност за чекорите кои што можат да се направат во следните делења кои што можат трајно да го оштетат македонското национално достоинство. Благодарам.

**Александар Николоски:** Дали некој друг бара збор.

Потпретседателот на Владата, Никола Димитров. Повелете.

**Никола Димитров:** Благодарам.

Со дилема бев, бидејќи линијата на дебата што лека, полека ќе не повлече таму каде што знаеме добро, обично на пленумот тоа се случува, некако би сакал да го чуваме ова што почна да се создава денес како атмосфера во Советот, така што ова не го разбирајте како некаква голема дебата, ниту одбрана на нашите позиции, но сакам реално да знаете дека, голем дел од проектите со кои што аплициравме во првата фаза од инвестициската рамка за Западен Балкан, поминаа веќе два филтри. Одлуката политички ќе се донесе кон крајот на оваа година, бидејќи зависи од усвојувањето на ИПА 3. На наше прашање кога ги дознавме овие резултати, дали можеме ова да го споделиме со јавноста. Сугестијата беше, не. Меѓутоа, од аспект на, и по глава на жител, па и во апсолутна сума имаме една завидна ситуација со нашите проекти, виза ви проектите од другите држави од регионот. Мислам дека тоа можам да го кажам. И, ова се однесува на четири крупни инвестициски проекти и еден за техничка помош. Бидејќи е седницата јавна, веројатно не е многу соодветно со повеќе детали да одам. Притоа, бидејќи ветив дека ќе бидам до крај отворен, не ни се добри состојбите со ИПА структурата. Мака

мачиме со години. Така било и порано, така било и сега. Повеќе од една деценија зборуваме за политика за задржување на кадри, ама уште не сме, тоа го разговараме можеби 15 години, и многу често се случува некој, што јас лично не го познавам, некои и ги познавам, да слушам дека таму и таму, во тоа Министерство има вистина добар експерт кој што во моментов работи како консултант на проект на друга држава. Така што, кажувајќи дека добро поминуваме аплицирајќи за проекти и така натаму, не сакам целосно една розова слика да направам, имаме големи проблеми при имплементација, имаме големи проблеми со задржување на луѓе кои што, разликата меѓу јавен или приватен сектор им е можеби 1:3, 1:5 и повеќе во примања и не е само финансискиот аспект, ама и овој аспект е исклучително важен.
Така што, во оваа наша битка меѓу, спомна професорката околу тоа, клиентелизмот и меритократијата, ако успееме после секој изборен циклус да направиме ден чекор кон меритократијата, веројатно ќе биде подобро за сите, и за политиката и за граѓанството. Благодарам.

**Александар Николоски:** Благодарам и јас.

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор, би сакал да ви се заблагодарам на сите за учеството во дебата.

Подготвени се Предлог заклучоци за усвојување кои што беа поделени, но има одредени технички измени и дополнувања. Доколку ми дозволите би ги прочитал за да можат сите да се запознаат.

Националниот совет за евроинтеграции, на седницата одржана на 7 јуни 2021 година по повод расправата по "Перспективите за европски интеграции на државата во пресрет на Јунскиот самит на Европскиот совет" **со консензус ги усвои следните заклучоци:**

**Точка 1.** Националниот совет потенцира дека европската интеграција останува врвен стратешки приоритет за државата. Донесување на одлука да се отворат пристапни преговори ќе претставува придобивка за натамошниот напредок во процесот на пристапување, одржливоста на реформи, поттик на нови реформи, зајакнување на меѓуетничките односи и веродостојна европска перспектива. Во оваа насока, Националниот совет ја очекува првата меѓувладина конференција. Преговарачката рамка останува на Советот, што е можно поскоро и без натамошно одлагање. Потребна е јасна перспектива за државата во пристапувањето во Европската Унија и временска рамка за идните преговори согласно со новата Методологија за преговарање.

**Точка 2.** Националниот совет констатира дека зајакнувањето на добрососедските основи, врз основа на заемна почит и регионална стабилност и соработка е исклучително важно во пристапувањето во Европската Унија.
Советот повикува, процесот за пристапување на државата во Европската Унија да не се блокира или одложува а билатералните прашања да не се дел од преговарачката рамка.

**Точка 3.** Националниот совет за евроинтеграции ги поздравува заложбите Португалското претседателството, Советот на Европската Унија за политиката за проширување, како и напорите за интеграција на регионот во Европската Унија.
Истовремено, се повикува следното Претседателство со Советот на Европската Унија, Република Словенија, да даде приоритет на усвојувањето на преговарачката рамка и конечно, почеток на пристапните преговори со Република Северна Македонија со одржување на меѓувладина конференција, доколку тоа не се случи за време на Португалското претседателство.

**Точка 4.** Националниот совет повикува на одржување на конструктивен политички дијалог во Собранието и продолжување на активностите за зајакнување на неговата надзорна и законодавна функција.

**Точка 5.** Националниот совет ја потенцира потребата за спроведување на клучните реформи, со цел државата да се прилагоди на стандардите и вредностите на Европската Унија за владеење на правото, слободата на медиумите, независноста на судството, борбата против корупцијата и заштитата на малцинствата.

**Точка 6.** Националниот совет за евроинтеграции повикува на поширока дебата за следната фаза од процесот на европска интеграција, но и извршната власт, Собранието и граѓанскиот сектор, особено за процесот на преговорите и улогата на Собранието во процесот на пристапување.

**Точка 7**. Националниот совет го повикува Собранието во рамки на дијалогот Жан Моне да продолжат активностите за усогласување на Деловникот на Владата и Деловникот на Собранието во насока на одредбите за трансформирање на правото на Европската Унија, како и меѓу социјалната соработка за европските прашања.

**Точка 8.** Советот ја поздравува заедничката Декларација на Европскиот парламент, Европската комисија и Советот на Европската Унија од мај годинава, за Конференцијата за иднината на Европа. Во оваа насока, Советот повикува по Конференцијата за иднината на Европа да се даде можност за вклучување на земјите од Западен Балкан, позаедничка визија за иднината на Европа.

**Точка 9.** Со овие заклучоци од седницата на Националниот совет за евроинтеграции да бидат запознаени Собранието, Владата и делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија.

**Точка 10.** Заклучоците да се објават на Интернет страницата на Собранието, за да бидат достапни до пошироката јавност.

Дали има одредени забелешки или предлози во однос на заклучоците? Имате? Да. Повелете.

Госпоѓа Маја Морачанин, повелете.

**Маја Морачанин:** Благодарам претседател. Јас би сакала само едно дополнување. Ги поддржувам заклучоците во целост, но во точката 5, каде што вели Европската Унија за владеење на правото, слободата на медиумите, независноста на судството и така натаму, би сакала да се дополни со почитување на човековите права, бидејќи тоа, исто така е фундаментална европска вредност.
Тоа е мојот предлог. Благодарам.

**Александар Николоски:** Благодарам.

Повелете. Александар Наумоски.

**Александар Наумоски:**

Во Точка 6, покрај, извршната власт, Собранието и граѓанскиот сектор, да стои и локалната самоуправа.

**Александар Николоски:** Благодарам.

Гордана Силјановска, повелете.

**Гордана Силјановска:** Благодарам.

Во истата точка, мислам дека не смее денеска после извонредните укажувања од економската заедница да ја заборавиме неа, бидејќи можеби е тоа најважното, или едно од најважните.

**Александар Николовски:** Благодарам.
Во ред.
Дали има други забелешки.
Доколку нема, мислам дека се конструктивни.
Дали има некој против овие забелешки? (нема)
Ги ставам на гласање.
Молам кој е за?
Дали има против?
Воздржани? (нема)

**Констатирам дека заклучоците се со консензус усвоени и ќе бидат дистрибуирани согласно тоа што е последен став**.

Со тоа ја затвораме Точката 2 од дневниот ред.

Ја отворам Точка 3, Точка Разно.
Дали некој бара збор по Точка Разно? (Нема)

Бидејќи нема, би сакал на сите да ви се заблагодарам за присуството и се надевам на една поинтензивна работа во следниот период.

Се надевам дека ќе има убави вести во третата недела од јуни и дека ќе можеме после тоа да се видиме повторно. И да не се такви, повторно мислам дека е добро да се видиме после третата недела на јуни.

Благодарам.

Седницата заврши во 14:02 часот.